**Известување за концентрација со која Грацер Векселзајтиге Осигурително Акционерско Друштво со седиште на ул. Херенгасе бр. 18-20 Грац Австрија има намера да се стекне со единствена контрола врз Друштво за осигурување Еуросиг Акционерско Друштво Скопје, со седиште на бул. Партизански одреди бр. 14 објект АУРА бизнис центар Скопје**
**(предмет бр. 08-58/2019)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 31.05.2019 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која Грацер Векселзајтиге Осигурително Акционерско Друштво со седиште на ул. Херенгасе бр. 18-20 Грац Австрија има намера да се стекне со единствена контрола врз Друштво за осигурување Еуросиг Акционерско Друштво Скопје, со седиште на бул. Партизански одреди бр. 14 објект АУРА бизнис центар Скопје, преку купопродажба на акции.

Грацер Векселзајтиге Осигурително Акционерско Друштво е осигурително акционерско друштво од Грац Австрија. Нуди регионално осигурување од пожари и осигурување за живот и неживот.

Во Република Северна Македонија е присутно на осигурителниот пазар преку зависното друштво Граве Осигурување АД Скопје, со седиште на ул. Пиринска бр. 23 Скопје, со приоритетна дејност осигурување на живот.

Друштво за осигурување Еуросиг Акционерско Друштво Скопје нуди неживотно осигурување.

Според подносителот релевантниот пазар може да биде дефиниран како пазар на животно осигурување и пазар на неживотно осигурување. Релевантниот географски може да биде дефиниран како територијата на Република Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на факс: 02 3296 466, на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

10.06.2019 година
Скопје